**До: Општина Демир Хисар**
(имател на информацијата)

# Б А Р А Њ Е

**за пристап до информации од јавен карактер**

Од: [redacted], [redacted].

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted] .

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Ве молиме да ни ги доставите следните информации:**

1. Објавени повици на Бирото за јавни набавки за улично осветлување во Демир Хисар.
2. Склучени договори за улично осветлување со економски оператори.
3. План за реализација (Сите фази) на замена на уличното осветлување
4. Реализирани договори и исплатени средства од општинскиот буџет

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во Битола
Датум: 19.06.2023 година

[redacted]име

Датум: **21.06.2023**

**ДО** [redacted]

(барател на информацијата)

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Демир Хисар

**ВРСКА:** 09-663/1, 19.06.2023 наш број

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник наРСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација.

Во прилог Ви се доставува и:

-Информација

Со почит,

Игор Дамјаноски,
службено лице за посредување со информации од јавен карактер
на Општина Демир Хисар

---------------------------------------

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на 19.06.2023 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted] по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со уличното осветлување во Општина Демир Хисар, се уважува.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted], имателот на информацијата Општина Демир Хисар, ви ја доставува информацијата во врска со уличното осветлување во Општина Демир Хисар.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 19.06.2023 година, заведено во архивата на Општина Демир Хисар на 19.06.2023 година под архивски број 09-663/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на **21.06.2023** година, под бр. 09-663/2.

По овластување на Градоначалникот на
Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации од
јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за
управување со човечки ресурси

______________________________

-ИНФОРМАЦИЈА-

1. Општина Демир Хисар има објавени повик за јавна набавка за улично осветлување „Модернизација на јавно осветлување на регионален пат Р13005/ улица низ Демир Хисар“ и истиот ви го доставуваме во прилог а исто така достапен е на следниов линк:

   https://www.e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx?fbclid=IwAR12UkP8Z1_daqP0DWgdmTwpIV6BqemBKkLsGjbm_xadaScDeUafWqGtlJY#/dossie/7b2930b0-7be6-4a3b-bff9-d187f55e34de/14

2. Склучениот договор со економскиот оператор ви доставувам во прилог, а истиот е и достапен на следниов линк:

   https://www.e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/dossie-acpp/ee7827f9-f559-4807-a26d-3b016599c435
   https://www.e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/dossie-accp-change-contract/db4a1a67-4bf1-4322-95f3-c80bb0ad09c6ж

3. Планот за реализација е составен дел од техничките спецификации во тендерската документација на страница бр.22 , која ви ја доставуваме во прилог.

4. Договорот е целосно реализиран и комплетната документација е доставена до Бирото за регионален развој за да изврши исплата на средствата преку цесија склучена помеѓу договорните страни и таа процедура за исплата е во тек.

По овластување на Градоначалникот на
Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации
од јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за
управување со човечки ресурси

-----------------------------------------------